Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Постапувајќи по претставката за заштита од дискриминација бр. 08-515/1 од 15.7.2024 година, поднесена од [redacted] Комисијата за спречување и заштита од дискриминација го донесе следниот

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
Бр.-Nr 08-515/2
19-09-2024 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**ЗАКЛУЧОК**

**за неповедување на постапка за заштита од дискриминација поради ненадлежност**

**О б р а з л о ж е н и е**

На 15.7.2024 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од [redacted] за извршена дискриминација врз основа на државјанство, социјално потекло, други видови уверувања, личен или општествен статус, имотен статус во областа на образование, наука и спорт и членување и дејствување во синдикални, политички партии, здруженија на граѓани и фондации или други организации засновани на членство, против Автомобилистичка федерација на Република Северна Македонија.

Подносителот на претставката за заштита од дискриминација наведува дека на 27ми Јули 2022 година на негово барање добил известување дека Автомобилистичката федерација на Република Северна Македонија потврдува дека не постои во нивните евиденции и доколку некогаш постоел во истите, веќе не е евидентиран таму и неговите лични податоци се избришани. Во врска со ова, во претставката е наведено дека подносителот го приложил овој одговор до САКС/АМСС кои ја известиле Автомобилистичката федерација на РСМ дека сакаат да го пријавата подносителот како нивен возач – странец, во прилог на што наведува дека од страна на [redacted] – одговорно лице при АФСМ се изнесува целосно невистинит, тенденциозен и погрешен одговор до официјалните лица при САКС/АМСС дека подносителот бил доживотно казнет и избркан возач од АФСМ.

Во продолжение на претставката е наведено дека Агенцијата за млади и спорт нема надлежност за меѓународни спорови врз лица кои не се нејзини членови. Оттука, наведено е дека АМС се обиделе да го контактираат наведеното лице од правната служба, при што биле известени дека до подносителот бил испратен само еден одговор, оној кој тие веќе го посредувале. Согласно претходно наведеното, подносителот на претставката смета дека е дискриминиран и не е во можност да го оствари неговото членство како би ги извршувал своите права како слободен граѓанин, истакнувајќи дека во ова е попречен од страна на само едно лице. Во продолжение, наведено е дека ваквиот линч продолжил и во 2023 година, при што подносителот со ваквиот проблем се соочувал и во тековната натпреварувачка година.

При разгледување на претставката, согласно наводите и барањата од истата, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека се работи за прашања кои не спаѓаат во нејзина надлежност. Имено, согласно член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата нема надлежност да постапува во конкретниот случај, каде од наводите во претставката утврди дека тврдењето за сторена дискриминација не е сторено веројатно.

Членот 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација утврдува дека се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност,

пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.

Согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Директна дискриминација, согласно член 8 став 1 од истиот Закон, постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.

Во конкретниот случај Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека не станува збор за дејствување кое спаѓа во нејзината надлежност, при што Комисијата од изнесените факти и околности во претставката утврди дека во описот на претставката не станува збор за повреда на правото на еднаквост согласно член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, при што тврдењето за сторена дискриминација врз дискриминаторските основи наведени во претставката не е сторено веројатно.

Согласно горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно законските надлежности од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката поради ненадлежност.

13.9.2024 година

Комисија за спречување
и заштита од дискриминација

Заменик претседател на Комисијата
Лимко Бејзароски

Доставено до:
[redacted]


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk